OHRIDSKA BANKA

SOCIETE GENERALE GROUP

Во согласност со член 7 и член 32 од Законот за Преземање на Акционерски Друштва (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 69/2013, 188/2013, 166/2014, 154/2015, 23/2016 и 248 / 2018) („**Закон за Преземање**"), Управниот Одбор на Охридска Банка АД Скопје, со седиште на „Орце Николов" 54, 1000 Скопје, Република Северна Македонија, со регистарски број 5004756 и даночен број MK4020995106987 („**Охридска банка АД Скопје** "), претставуван од Претседателот на Управниот одбор, г-ѓа Бранка Павловиќ, го издава следново:

## МИСЛЕЊЕ

## ЗА ПОНУДАТА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ

во врска со понудата за преземање издадена од Steiermärkische Bank und Sparkassen Aktiengesellschaft ("**Понудувач**") и објавена на ден 24.09.2019 година во дневен весник "Нова Македонија" и дневен весник "Вечер", и на ден 24.09.2019 година во Службен весник на Република Северна Македонија, за преземање на сите 516.350 обични акции со ISIN број MK0HBA101012 издадени од Охридска Банка АД Скопје ("**Понуда за Преземање**").

### 1. Мислење на управниот одбор за влијанието од спроведувањето на Понудата за Преземање врз интересите на Охридска банка АД Скопје, а особено на вработените, како и за стратешките планови на Понудувачот за Охридска Банка АД Скопје

Врз основа на информациите содржани исклучиво во објавениот проспект и Понудата за Преземање, Управниот Одбор е на мислење:

1.1 во врска со интересите на Охридска Банка АД Скопје:

Членовите на Управниот Одбор веруваат дека успешната имплементација на преземањето на 516.350 обични акции издадени од Охридска Банка АД Скопје од страна на Понудувачот и неговото станување сопственик на тие акции е во интерес на Охридска Банка АД Скопје, бидејќи на тој начин Охридска Банка АД Скопје ќе продолжи да биде дел од Европска Банкарска Група коритејќи ги придобивките од банкарскиот фокус на Групата, големото искуство, присуство и знаење на пазарот на Југоисточна Европа, вклучувајќи ја и Северна Македонија уште од 2008 година.

Покрај бенефитите кои ќе произлезат од искуството и знаењето од банкарската група на Понудувачот, Менаџментот смета дека планираната интеграција на Охридска банка АД Скопје и Шпаркасе банка Македонија АД Скопје потенцијално води кон зголемен капацитет за кредитирање, развој на современи дигитални банкарски производи и поширока географска покриеност и сето тоа треба да придонесе за зајакнување на присуството на македонскиот пазар.

Менаџментот смета дека намерата на Понудувачот да продолжи и да ја интензивира неговата поддршка за привлекување висококвалитетни стратешки странски инвеститори во Северна Македонија, исто така, треба да биде од корист за банката, бидејќи треба да резултира во натамошно проширување на деловната активност на банката.

1.2 во врска со интересите на вработените:

Во случај да се оствари горенаведеното, како и со зголемувањето на обемот на идните деловни активности, Управниот одбор смета дека истото ќе придонесе за задржување на повеќето постоечки работни позиции, особено со оглед на тоа што Понудувачот препознал дека клучна компонента на банкарскиот бизнис е персонал со локално пазарно знаење.

Понатаму, Менаџментот верува дека програмите за учење и споделување на знаење кои Понудувачот планира да ги понуди, ќе бидат во интерес на вработените, бидејќи вработените ќе продолжат да имаат корист од регионалните и европските банкарски искуства.

Конечно, Менаџментот е на мислење дека интеграцијата на Охридска банка АД Скопје и Шпаркасе банка Македонија АД Скопје може да доведе до мерки за оптимизација и интеграција. Како и да е, Понудувачот има посочено дека сите преземени мерки ќе бидат направени во согласност со важечкиот закон.

1.3 Во врска со стратешките планови на Понудувачот за Охридска банка АД Скопје:

Врз основа на горенаведеното, членовите на Управниот Одбор сметаат дека успешното спроведување на преземањето и стратешкиот план на понудувачот за интегрирање на Охридска банка АД Скопје во својата банкарска група, како и со Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје, треба да биде од корист за банката, нејзиниот бизнис и вработените.

**2. Информации за постоење на какви било преговори во врска со понудата за преземање помеѓу Понудувачот и управниот орган на Охридска банка АД Скопје**

Нема преговори во врска со Понудата за Преземање помеѓу Управниот одбор на Охридска банка АД Скопје и Понудувачот.

**3. Начинот на кој Понудувачот го остварува правото на глас што произлегува од акциите издадени од Охридска банка АД Скопје кои веќе ги поседува**

Понудувачот во моментов не поседува акции издадени од Охридска банка АД Скопје.

**4. Изјава за тоа дали членовите на управниот орган на Охридска банка АД Скопје кои се сопственици на акции издадени од Охридска банка АД Скопје кои се предмет на Понудата за Преземање, имаат намера да ја прифатат или одбијат понудата за преземање и да го достават образложението**

Ниту еден од членовите на Управниот Одбор на Охридска банка АД Скопје не поседува акции издадени од Охридска банка АД Скопје.

**5. Суштински информации за последниот ревидиран годишен извештај на Охридска банка АД Скопје, вклучувајќи ја и книговодствената вредност на акциите што се предмет на Понудата за Преземање**

Охридска банка АД Скопје ја заврши годината 2018 со вкупен приход од МКД 2.300.713.952 и покажа нето добивка од МКД 577.200.406, која што е повисока за 64,4% од остварената добивка во 2017, а која изнесува МКД 351.018.981. Овој резултат се должи на зголемените комерцијални активности, подобрена синергија и задоволство на клиентите, континуирана контрола на трошоците и ефикасни политики за

управување со ризиците. Вкупната актива на Охридска банка АД Скопје изнесува МКД 39.558.728.075, додека вкупниот капитал и резерви изнесува МКД 4.291.375.865.

Книговодствената вредност на акциите на Охридска банка АД Скопје изнесува МКД 8.310 по акција, во согласност со консолидираниот ревидиран годишен извештај за 2018.

Во Скопје, на 26.09.2019 година.

Број 0202-70628/1

Во име на Управниот Одбор на Охридска Банка АД Скопје,

ОХРИДСКА БАНКА А.Д. СКОПЈЕ

____________________________

Г-ѓа. Бранка Павловиќ, Претседател на УО на Охридска Банка АД Скопје